РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**

Бр. 03-1

Скопје 28.01.2020г.

**Предмет: Одговор на претставка**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


Почитуван,

Во врска со Вашиот допис (наш бр.03-1 од 03.01.2020 година), во кој реагирате за тоа што во новогодишното издание на ТВ серијата „Преспав" (и во нејзинзта реприза на 1 јануари 2020 година) на дел од репликите, немаше превод од српски јазик, како и за прекинувањето за емитување реклами, Ве известуваме дека Агенцијата му укажа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, дека доколку планираат репризно да го емитуваат новогодишното издание на серијата „Преспав" или доколку емитуваат други епизоди од серијата во коишто се користи говор на други јазици, различни од македонскиот, истите треба да бидат целосно преведени на македонски јазик.

Во однос на Вашиот приговор дека епизодата е пречесто прекинувана со реклами, Ве информираме дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за МРТ, не го ограничува обемот на рекламирање на час емитувана програма, а утврдува дека реклами може да се емитуваат само во содржини со заштитени авторски права врз основа на посебни договори со нивните обезбедувачи.

Исто така, во Законот нема правила за фреквенцијата на емитување реклами во сериите, важно е тие да бидат вметнати на начин кој не ги загрозува интегритетот и вредноста на програмата и правата на имателите на правата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

---------------------------------------------

**м-р Драгица Љубевска**